Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија
НАЦИОНАЛЕН КООРДИНАТИВЕН ЦЕНТАР ЗА ГРАНИЧНО УПРАВУВАЊЕ

# ИЗВЕШТАЈ

од јавна дебата за „Утврдување на интегритет на сите службеници кои работат на високо ризични работни места на ГП и граничната линија со примена на полиграф, како превентивна мерка за спречување на можна корупција“, спроведена во месец март 2024 г.

Скопје, мај 2024 година

Согласно Извадокот од Нацрт-записникот од Седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27.02.2024 г., Владата на Република Северна Македонија го задолжи Националниот координативен центар за гранично управување да отпочне со подготовки за отворање јавни дебати за оваа тема, истите да ги спроведе и да поднесе Извештај до Владата од спроведените дискусии на национално ниво со предлог за натамошно постапување.

Според предложениот концепт и предвидената програма на НКЦГУ на јавната дебата беа поканети медиумите и истата се одвиваше преку:

1. **Прес конференција** со медиуми во Медија центарот на Владата на РСМ, со цел најава на јавната дебата, одржана на 06.03.2024 г. во 10:30 часот, која може да се проследи на линковите за стрим:

MK - https://youtube.com/live/pwn0In8X0MU
ALB - https://youtube.com/live/EwP4yK68qao

што се достапни и на веб страната на НКЦГУ (https://igu.gov.mk). За прес конференцијата НКЦГУ изготви Соопштение за јавност и го достави до Медија центарот на Владата на РСМ.

2. **Прва сесија** од јавната дебата за претставници на академската заедница, јавно обвинителство, експерти и практичари, одржана на 13.03.2024 г., во 10.00-12.30 ч, во Клуб на пратеници

Присутните експерти од областа на безбедноста, економијата и академската заедница преку своите излагања силно го поддржаа предлогот за воведување полиграф за утврдување на интегритетот на сите службеници кои работат на високо ризични работни места на граничните премини и граничната линија како превентивна мерка за спречување на можна корупција. Особено експертите од областа на економијата истакнаа дека сивата економија нанесува директна штета на буџетот на државата во износ од 1,2-1,4 милијарди евра на годишно ниво, која во најголем дел отпочнува и се генерира од влезот на стоки на самата гранична линија.

Напоменуваме дека поканетите претставници на сите инстанци во ЈО не присуствува на оваа сесија од јавната дебата.

3. **Втора сесија** од јавната дебата, за претставници на невладин сектор, здруженија на автобуски и камионски превозници, стопански комори и полициски и царински синдикати, одржана на 19.03.2024 г., од 10:00-12:30 ч. во сала за состаноци во МВР

Сите учесници на втората сесија го поддржаа предлогот.

4. **Трета сесија** од јавната дебата за надлежни институции (МВР, ЦУ, АХВ и ДИЗ) и засегнати национални институции (АНБ, АР, УФР, УФП и УЈП) одржана на 20.03.2024 г., од 10:00-12:30 ч. во сала за состаноци во МВР.

Присутните учесници на оваа сесија го поддржаа предлогот. Напоменуваме дека од поканетите претставници на надлежните институции не присуствуваа Министерот за внатрешни работи, Директорот на БЈБ и Директорот на ЦУ, додека од засегнатите институции не присуствуваа директорите на АНБ и АР.

Планираните четврта сесија со претставници на парламентарни политички партии, и петта со претставници на амбасади на земји членки на Европската унија, соседни земји и меѓународни организации сепак не се одржаа. Причина за одложување на сесијата со претставници на парламентарни политички партии се тековните парламентарни и претседателски избори.

За четвртата планирана сесија со претставници на парламентарни политички партии, НКЦГУ до Претседателот на Собрание испрати барање за организирање на истата, по што од страна на кабинетот на Претседателот на Собрание е добиено известување дека координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ поради изборниот процес предложил оваа сесија да се одржи по конституирање на новиот парламентарен состав.

Од спроведените сесии може да се заклучи дека главната цел на јавната дебата е исполнета во насока на анализирање на предложениот концепт со даден тематски фокус, доставен до Владата во претходна кореспонденција, како и проценка на сите позитивни аспекти на овој проект. Сесиите дадоа можност и за разгледување на безбедносните и економските предизвици кои претставуваат сериозна закана по сите општествени сегменти, имајќи предвид дека успешното спроведувањето на Националната стратегија за интегрирано гранично управување 2021-2025 и соодветниот Акциски план зависи токму од спречувањето на можната корупција на граничните премини и граничната линија. Видувањата и ставовите на учесниците на дебатите за воведување на оваа превентивна мерка беа исклучително важни за добивање заклучоци и предлози за натамошно постапување и нивните обраќања беа во насока на поддршка и согласност со овој проект.

Организацијата на сесиите беше логистички поддржана од Владата на Република Северна Македонија, со цел да се обезбеди координација во спроведувањето на јавните дебати.

Откако на сите јавни дебати оваа превентивна мерка ќе биде прифатена од учесниците, НКЦГУ очекува истата да биде одобрена од страна на Владата на Р Северна Македонија во форма на законски измени и проследена за усвојување до Собрание на Р Северна Македонија.

Останува предизвикот, токму службениците на граничната линија кои работат на високо ризични работни места и ќе бидат опфатени со оваа превентивна мерка да вршат влијание врз медиуми и експертите за отфрлање на овој предлог.

*

* *

ПРЕДЛОЗИ

Прашањето што треба да се реши на краток рок е дерогацијата на правото. Уставот на Република Северна Македонија, во Член 18 ја гарантира сигурноста и тајноста на личните податоци. На граѓаните им се гарантира заштита од повреда на личниот интегритет што произлегува од регистрирањето на информации за нив преку обработка на податоците.

Со цел воведување полиграф, НКЦГУ и предлага на Владата на Република Северна Македонија да ги задолжи:

1. Министерствотото за внатрешни работи во Законот за гранична контрола да воведе нов Член и да дополни постоен Член, односно во глава II. Надлежности и овластувања во вршењето на граничната контрола, во делот за Персонал, опрема и средства за гранична контрола, новиот Член да гласи

"Полициските службеници кои се распоредени на работни места на гранични премини и гранична линија, заради утврдување на интегритетот, задолжително да бидат подвргнати на полиграфско тестирање пред нивното распоредување и потоа еднаш на годишна основа.

а) доколку полицискиот службеник одбие да биде полиграфиран, ќе се смета дека не е подобен за вршење на работни задачи на овие работни места

б) доколку при полиграфирањето се добие негативен резултат, полицискиот службеник ќе биде отстранет од работното место

в) добиениот негативен резултат од полиграфирањето ќе биде доставен до надлежно јавно обвинителство во аудио-визуелна и писмена форма.",

додека во глава IX. Соработка меѓу државните органи кои имаат надлежност во граничното управување, во делот за Национален координативен центар за гранично управување, Членот 56 да се дополни со точка

"6) пред именувањето на Националниот координатор и Заменикот на националниот координатор задолжително да бидат подвргнати на полиграфско тестирање и потоа еднаш на годишна основа.

- доколку полицискиот службеник одбие да биде полиграфиран, ќе се смета дека не е подобен за вршење на работни задачи на овие работни места

- доколку при полиграфирањето се добие негативен резултат, полицискиот службеник ќе биде отстранет од работното место

- добиениот негативен резултат од полиграфирањето ќе биде доставен до надлежно јавно обвинителство во аудио-визуелна и писмена форма."

2. Министерството за финансии, Царинска Управа во Законот за Царинска управа, во дел VI. Кодекс на однесување и одговорност, 1. Кодекс на однесување, Членот 72 да го дополни со точка

"5) Царинските службеници кои се распоредени на работни места на гранични премини, заради утврдување на интегритетот, задолжително да бидат подвргнати на полиграфско тестирање пред нивното распоредување и потоа еднаш на годишна основа.

а) доколку царинскиот службеник одбие да биде полиграфиран, ќе се смета дека не е подобен за вршење на работни задачи на овие работни места

б) доколку при полиграфирањето се добие негативен резултат, царинскиот службеник ќе биде отстранет од работното место

в) добиениот негативен резултат од полиграфирањето ќе биде доставен до надлежно јавно обвинителство во аудио-визуелна и писмена форма."

Дополнувањето на Член 72 од Законот за Царинска управа, е дотолку поважно ако се има предвид дека Уставот на Република Северна Македонија, во Член 33 пропишува дека секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирувањето на јавните расходи на начин утврден со закон, како и тоа дека Кривичниот законик, во Глава триесетта, Кривични дела против службената должност, во Член 353 инкриминира Злоупотреба на службената положба и овластување, во Член 357 Примање поткуп и во Член 358 Давање поткуп.

3. Агенцијата за храна и ветеринарство, во Законот за безбедност на храна да воведе нов Член што ќе гласи

"Официјални ветеринари на гранични премини и инспектори за храна кои се распоредени на работни места на гранични премини, заради утврдување на интегритетот, задолжително да бидат подвргнати на полиграфско тестирање пред нивното распоредување и потоа еднаш на годишна основа.

а) доколку официјалниот ветеринар на граничен премин и инспекторот за храна одбие да биде полиграфиран, ќе се смета дека не е подобен за вршење на работни задачи на овие работни места

б) доколку при полиграфирањето се добие негативен резултат, официјалниот ветеринар и инспекторот за храна ќе бидат отстранети од работното место

в) добиениот негативен резултат од полиграфирањето ќе биде доставен до надлежно јавно обвинителство во аудио-визуелна и писмена форма."

4. Државниот инспекторат за земјоделство, во Законот за државни фитосанитарни инспектори за земјоделство, да воведе нов Член што ќе гласи

"Државните фитосанитарни инспектори за земјоделство кои се распоредени на работни места на гранични премини, заради утврдување на интегритетот, задолжително да бидат подвргнати на полиграфско тестирање пред нивното распоредување и потоа еднаш на годишна основа.

а) доколку државниот фитосанитарен инспектор за земјоделство на граничен премин одбие да биде полиграфиран, ќе се смета дека не е подобен за вршење на работни задачи на овие работни места

б) доколку при полиграфирањето се добие негативен резултат, државниот фитосанитарен инспектор за земјоделство ќе биде отстранет од работното место

в) добиениот негативен резултат од полиграфирањето ќе биде доставен до надлежно јавно обвинителство во аудио-визуелна и писмена форма."

5. За спроведување на предложените законски измени и дополнувања, НКЦГУ и предлага на Владата на Република Северна Македонија да ги задолжи надлежните институции МВР, ЦУ, АХВ и ДИЗ да донесат подзаконски акти со цел допрецизирање на сите постапки.

6. Посебно внимание треба да се посвети на воспоставување на самостоен и независен државен орган за спроведување на полиграфирањето, а примарен надзор и контрола над работењето ќе врши Собранието на Р Северна Македонија, со цел оневозможување на субјективни влијанија врз полиграфистите. НКЦГУ и предлага на Владата на Република Северна Македонија да му предложи на Собранието да донесе **Закон за полиграфирање**, што ќе биде изготвен од страна на експерти ангажирани од Собранието.

НКЦГУ останува посветен на секојдневните контакти со реномирани експерти во оваа област и прибирање искуства од други земји (Албанија, Црна Гора...) кои се со кандидатски статус за земја членка на Европската унија, како и пошироко во светски рамки.

Неспорно е дека натамошното развивање на националниот систем за ИГУ, согласно европските стандарди, ќе ја подобри националната гранична безбедност и истовремено ќе овозможи поефикасен заеднички пристап и координирано справување со сегашните и идните закани по националната гранична безбедност и европската гранична безбедност во целина, а тоа се пред се тероризмот, илегалната миграција, корупцијата и други облици на организиран криминал.

**Национален Координатор**
**д-р Владимир Пивоваров**

В. Пивоваров